**Извадок од Поглавје 21 од Упатството за примена на Законот за данокот на додадена вредност, донесено од министерот за финансии под број 08-9289/1 од 19.06.2000 година**

**Кон член 12 од ЗДДВ**

**Поглавје 21**

**Промет во слободни зони, царински зони и царински складишта**

(1) Независно од член 11 од ЗДДВ, прометот извршен во слободни зони, царински зони и царински складишта за цели на крајна потрошувачка се смета за промет извршен во земјата. Следствено на тоа, тој подлежи на оданочување со данокот на додадена вредност во случај на исполнетост на останатите услови од член 2 точка 1 од ЗДДВ.

(2) Прометот се врши за цели на крајна потрошувачка, кога примателот на исполнувањето нема право на одбивка на данокот кој му е фактуриран за извршениот промет. Тука спаѓа:

1. прометот спрема лица кои не се даночни обврзници (на пр. приватни лица или јавно-правни тела во смисла на член 10 став 1 од ЗДДВ ;

2. прометот спрема даночни обврзници во смисла на член 51 став 3 од ЗДДВ (мали претприемачи), доколку истите не се регистрирале доброволно;

3. прометот спрема даночни обврзници кои го користат овој промет како влезно исполнување заради извршување промет ослободен од данок според член 23 од ЗДДВ;

4. прометот спрема даночни обврзници, кој доведува до исклучување на правото на одбивка на претходниот данок според член 35 точки 2 до 6 од ЗДДВ.

(3) Оданочувањето на прометот извршен за цели на крајна потрошувачка во слободни зони, царински зони и царински складишта не се применува, ако овие добра биле внесени во земјата од наведените подрачја и ако се докаже писмено дека ваквото внесување било предмет на оданочување при увозот според член 15 од ЗДДВ.

(4) Одредбите од член 12 од ЗДДВ се применуваат, на пример, при продажбата на стоки (на пр. преку киосци или од автомати), предавањето јадења и пијалаци заради консумација на самото место (на пр. преку мензи), продажбата на гориво или поправката на возила кои служат за лични цели или за цели кои не го обезбедуваат правото на одбивка на претходниот данок, понатаму, како и прометот (на пр. градежни работи) спрема јавно-правни тела во смисла на член 10 став 1 од ЗДДВ.